ШТИП

ASTIBO

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), **Општина Штип,** на ден 13.03.2019 година, донесе:

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планската програма за изработка на детален урбанистички план: Измена и дополнување на ДУП за дел од населба „Балканска“ КО ШТИП 1 и КО Чардаклија, Општина Штип, кој се носи согласно ГУП за град Штип донесен со одлука бр.08-1142/1 од 29.12.1999 год. како и Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на град Штип за 2018/2019 година, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на предлог планската програма за изработка на планскиот документ детален урбанистички план Измена и дополнување на ДУП за дел од населба „Балканска“ КО ШТИП 1 и КО Чардаклија, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Оваа планска задача опфаќа земјиште по ГУП со намена идна работна зона (производство, дистрибуција и сервиси). Општина Штип како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој. Во опфатот на дел од населба “Балканска”, евидентирани се вкупно 30 парцели и 23 дел од парцели, од кои на шестнаесет има изградено градби со намена домување, додека на една има градба со намена В5-Верски институции. Останатите се неизградени парцели и сообраќајна инфраструктура. Изградените парцели зафаќаат површина од 2,58ха, додека изградените градби зафаќаат површина од 0,18ха.Неизградените парцели зафаќаат површина од 4.24ха, а додека сообраќајната инфраструктура зафаќа вкупно површина од 0,90ха. Планскиот опфат зафаќа површина од 7,72ха.На предметниот опфат постојат празни локации каде нема изградено објекти. Согласно развојните можности на град Штип има потреба од поголеми површини за градба од класата на (Г) Производство дистрибуција и сервиси. Поради ова целта на изработка на ДУП е дефинирање на парцели погодни за изградба на индустриски објекти од основна класа на намена (Г2,Г3,Г4) со можност за добивање на максимални површини за градба согласно законските прописи за предвидување на идна градба и Е - инфраструктура како и класи кои се компатибилни на основните класи. Врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно ГУП за град Штип, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изработил: Влатко Панов
Контролирал: дги Душко Стојанов

Бр.09-612/4

13.03.2019
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Благој Бочварски

______________________